ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 04-749/1
Скопје, 14-04-2021 година

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19 и 14/20), Директорот на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидати по Интерен оглас број 1/2021 за унапредување на административни службеници**

**1.** Во врска со Интерниот оглас број 1/2021, зав. под арх. бр. 04-602/1 од 23.03.2021 година, објавен на 29.03.2021 година истовремено на веб-страницата на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонији на веб-страницата на Агенцијата за администрација, а согласно со Финалната ранг-листа на интервјуирани кандидати со предлог од Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници во Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, формирана со Решение бр. 04-667/1 од 02.04.2021 година, за огласените работни места се избираат:

- за работното место од точка 1 од Интерниот оглас: ИНФ 01 02 Б04 004 Раководител на Одделение за компјутерска обработка на податоци и лекторирање, Сектор за издавачка дејност – редакција и компјутерска обработка на податоци, се избира кандидатот Матилда Саздова; и

- за работното место од точка 2 од Интерниот оглас: ИНФ 01 02 В01 002 Советник за финансиско-материјално работење, Сектор за финансиско-материјално работење, претплата, огласи и маркетинг, Одделение за финансиско - материјално работење, се избира кандидатот Маре Гошева.

**2.** Во рок од 5 (пет) дена по конечноста на оваа одлука, за унапредувањето на административните службеници ќе се склучи нов договор за вработување во кој ќе бидат утврдени правата и обврските на унапредените службеници согласно со новите работни места.

**3.** Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзиното донесување и ќе се објави на веб-страницата на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија.

***О б р а з л о ж е н и е***

Постапувајќи согласно со одредбите на Законот за административни службеници, Комисијата за селекција за унапредување формирана со Решение бр. 04-667/1 од 02.04.2021 година, донесено од Директорот на Јавното претпријатие, во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници за извршување на работите од точка 1 на ова решение, а по објавениот Интерен оглас на веб-страницата на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна

Македонија и на веб-страницата на Агенцијата за администрација, спроведе постапка за унапредување согласно Законот за административни службеници.

Врз основа на пристигнатите пријави на кандидатите за унапредување, по извршената административна селекција (Записник број 04-725/1 од 12.04.2021 година) и спроведеното интервју на кандидатите и извршеното бодирање: за работното место од точка 1 – Записник од спроведено интервју број 04-726/1 од 12.04.2021 година и за работното место од точка 2 - Записник од спроведено интервју број 04-727/1 од 12.04.2021 година, Комисијата изготви и достави за секое одделно работно место Финална ранг-листа со предлог за избор на кандидати по Интерен оглас, кои ги достави на натамошно постапување на ден 12.04.2021 година до Директорот на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија ц.о. – Скопје.

Согласно член 52 став (1) од Законот за административни службеници, во рок од три дена од добивањето на предлогот, раководното лице на институцијата е должно да донесе одлука за избор.

Врз основа на горенаведеното, директорот на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Одлуката за избор се доставува до избраниот/те кандидат/и и се објавува на веб-страницата на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија ц.о. – Скопје.

**Упатство за правно средство:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 (осум) дена.

**ДИРЕКТОР**
**м-р Татијана Лалчевска**

Доставено до:
- Именуваните
- Одделение за управување со човечки ресурси и општи работи
- Архива